Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 79, 1 мај 2012 година

мај 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област економика на земјоделството и развој на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област хемија на земјиштето на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 37

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез саксофон на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 44

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област математика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 48

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент) за наставно-научната област граѓанско право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област елементарно образование (системи и методи) на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 57

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник за наставно-научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 75

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 99

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК (АСИСТЕНТ) ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1602-123/5 донесена на 67. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 6 март 2012 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден ***асистент*** за научната област ***граѓанско право*** на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

– проф. д-р Гале Галев, редовен професор во пензија на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
– проф. д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член);
– проф. д-р Војо Беловски, доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм“, на 15 февруари 2012 год. и во предвидениот рок се пријавила само кандидатката м-р Марија Радевска, помлад асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на пријавата и доставената документација и нивното разгледување, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 15 февруари 2012 година, на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за избор на асистент за научната област *граѓанско право* се пријавила кандидатката м-р Марија Радевска.

Кандидатката ги приложи следниве документи:

1. Диплома за одбранет магистерски труд, четири копии заверени кај нотар;
2. Уверение за положени испити на постдипломски студии, оригинал;
3. Уверение за положени испити на додипломски студии, оригинал;
4. Диплома за италијански јазик, оригинал;
5. Кратка биографија во 4 примероци на македонски јазик;
6. Сертификат за учество на Втора регионална конференција „Форум на граѓанско право за земјите од Југоисточна Европа”;
7. Сертификат за придонес во својство на млад истражувач на Втора регионална конференција „Форум на граѓанско право за земјите од Југоисточна Европа”;
8. Примерок од труд „Облигациони односи настанати со причинување на штета во македонското право” објавен во Зборник на Правен факултет во 2009 (примерок од Зборникот);
9. Примерок од труд „Концептот на нематеријална штета – правна регулатива и правни тенденции”, Зборник на Правен факултет;
10. Примерок од магистерски труд;
11. Уверение за државјанство;
12. Изјава – образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата;
13. Одлука за претходен избор во звање.

Врз основа на поднесената пријава, како и според приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Марија Радевска** е родена на 24 февруари 1984 година во Пробиштип. Таму го завршува основното и средното образование со континуиран одличен успех.

На 10 јули 2002 година се запишува како редовен студент на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Дипломира на правни студии – Граѓанско-правна група на 2 март 2007 година со просечен успех 9,57 и како втора по успех во својата генерација е наградена со сребрена статуетка „Сребрен Јустинијан“. Веднаш по дипломирањето започнува со приправнички стаж во адвокатската канцеларија во Штип. Во меѓувреме, од страна на Матичната комисија за основање на државниот Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип е избрана за помлад асистент на Правниот факултет во Кочани. Почнувајќи од 2 јули 2007 година, кандидатката заснова редовен работен однос како помлад асистент на Правниот факултет и работи на предмети од граѓанско-правната област. Во декември 2007 година се запишува на постдипломските студии по граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје и согласно со наставната програма ги положува предвидените испити со просечен успех 9,75. На 2 јули 2010 година повторно е избрана за помлад асистент на граѓанско-правна област на Правниот факултет во Кочани.

Кандидатката, во рамките на нејзината повеќегодишна работа како помлад асистент, е автор на повеќе трудови и материјали за интерна употреба на вежби. Ја познава компјутерската техника и ги користи нејзините програми и интернетот. Владее со англискиот и со италијанскиот јазик, активно и пасивно, и има основни познавања од германскиот јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Следејќи ги своите амбиции кон научноистражувачка работа во полето на правните науки, истовремено и своите професионални ангажмани, кандидатката м-р Марија Радевска реализира наставна и научноистражувачка дејност. За забележување е нејзиниот посебен интерес кон граѓанското право. Во периодот од 2007 до 2012 година, како соработник на Правнит факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, таа е активно вклучена во реализирањето на вежбите по предметите од граѓанско-правна област: Општ дел граѓанско право (2+2+1), Римско право (2+2+1), Стварно право (2+2+1), Облигационо право (2+2+1), Наследно право (2+2+1), а вршела и привремен ангажман на други предмети: Основи на економија (2+2+1), Финансово право (2+2+1) и Филозофија на право (2+2+1).

***Учество на конференции и истражувачки проекти***

Јануари 2012 год., учество на Втора регионална конференција „Форум на граѓанско право за земјите од Југоисточна Европа“ во својство на млад истражувач.

Кандидатката е вклучена на два домашни проекта од кои еден е воедно и државен проект:

2010 – тековен, помлад истражувач на правните аспекти на формите и факторите за мобинг во Република Македонија, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

2011 - тековен, Изработка на македонски граѓански законик, член на Комисија за облигационо право.

***Список на научни и стручни трудови***

**Радевска М., 2009: „Облигациони односи настанати со причинување на штета во македонското право“, објавен во Зборник на Правен факултет 2009.**

Во овој труд м-р Радевска анализира и елаборира едно прашање коешто има посебно значење за облигациите воопшто,а тоа се облигационите односи настанати со причинување на штета. Трудот ги елаборира овое односи во правото на нашата земја и тоа од аспект на нивното настанување, содржина, видови во кои се јавуваат. Трудот исто така го разработува и прашањето за степенот на нивна уреденост во нашето позитивно право, како и за начинот на кој тие се уредени, оценувајќи го истовремено од аспект на задоволителност.

**Радевска М., 2010: „Концептот на нематеријална штета – правна регулатива и правни тенденции", Зборник на Правен факултет, Штип.**

Трудот претставува следење на тенденциите во облигационото право кои се однесуваат на облигационите односи настанати со причинување на штета. Разгледувајќи го поимот нематеријална штета од историски аспект, како и од аспект на позитивно-правната регулатива, авторот ги дефинира и прикажува тенденциите кои упатуваат на многу промени кои ги претрпел концептот на нематеријална штета од минатото до денес. Притоа трудот содржи компаративни анализи за нематеријалната штета во поголемиот дел од европските правни системи, меѓународните извори, како и во македонското право.

**Радевска М., 2010. Интерна скрипта за вежби по Римско право, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет - Кочани.**

Материјалот анализиран и елабориран во оваа скрипта претставува практикум кој се однесува на првиот дел од материјалот по предметот Римско право. Почнувајќи од 2010 година, од кога со одлука на ННС е одобрено овој материјал да се користи за вежбите по Римско право од страна на асистентот истиот е од голема корист за студентите при изведување на вежбите, како и при подготовка на материјалот за прв колоквиум по предметот Римско право. Во него на сумарен начин се издвоени побитните работи на кои студентите треба да обратат поголемо внимание и краткиот теоретски дел е надополнет со практични вежби кои се надоврзуваат на теоретскиот дел и им служат на студентите за полесно поврзување со материјата  и сфаќањена истата.

**Хаџи-Јанев М., Радевска М., 2011. Интерна скрипта за предавања по Римско право, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет - Кочани.**

Материјалот подготвен во оваа скрипта се однесува исто така на првиот дел од материјалот за испитот Римско право. Истиот е подготвен од страна на професорот и асистентот како учебно помагало, односно како замена за учебник. Тој ги разработува прашањата за извори на римското право, поделбите на истото, го разработува личното римско право, односно статусното и семејното, како и еден дел од имотното право, а тоа се основите на стварно-правните односи и наследувањето. Во него материјата по Римско право е прикажана на сумарен начин, со ставање акцент на институти од римското право кои се присутни и во денешните позитивни правни системи и се разработени прашања кои авторите сметале дека се од поголемо значење за студентите, земајќи ги предвид и останатите научни дисциплини кои студентите ги изучуваат во рамки на правните студиски програми.

**Приказ на магистерски труд на м-р Марија Радевска со наслов „Граѓанско-правна одговорност за причинета штета"**

Магистерскиот труд содржи 163 страници компјутерски напишан текст. При цитирањето е користен системот на фусноти, така што трудот содржи 310 фусноти. При изработката на магистерскиот труд се користени 70 библиографски единици (книги, трудови, извадоци, коментари, збирки на прописи и правила, текстовите на европските граѓански законици итн.). Библиографските единици се соодветно цитирани во текстот на магистерскиот труд.

Трудот е составен од вовед, пет глави (делови) и заклучок. На крајот од секоја глава е приложен заклучок од спроведените анализи во конкретната глава, кои подоцна се преточени во заклучните согледувања. Секое поглавје го сочинува соодветна и комплементарна тематска рамка, насочена кон елаборирање, дефинирање и изнесување заклучоци за важните аспекти на граѓанско-правната одговорност.

Во ВОВЕДОТ се поставува генералната теза која се аргументира во магистерскиот труд и се наведуваат методологијата и системот на излагањето. Генералната теза на магистерскиот труд цели да покаже дека Институтот Граѓанско-правна одговорност е единствен институт, односно иако навидум во правната наука, а и во законодавството на најголем број од државите во светот се зборува за договорна и вондоговорна (деликтна) одговорност како два одделни институти на граѓанско-правна одговорност, сепак, според

нивните суштествени карактеристики тие во својата основа претставуваат еден единствен вид на граѓанско-правна одговорност за причинета штета.

Во првата глава кандидатката најпрво пристапува кон поимно определување на граѓанско - правната одговорност. Разгледувајќи го прашањето преку сфаќањата на теоретичарите во рамките на правната наука, кандидатката заклучува дека поимот граѓанско-правна одговорност може да има повеќе значења и истовремено го определува значењето кое ќе се земе предвид при истражувањето на граѓанско-правната одговорност.

Во втората глава пристапува кон истражување на историскот развој на овој институт. Кандидатката доаѓа до заклучокот дека корените на овој институт се наоѓаат во стариот век и дека од најстари времиња причинувањето на штета од страна на член на општеството во однос на друг член на општеството создавало одреден однос помеѓу нив, односно дека општествениот поредок не дозволувал причинителот на штетата да остане несанкциониран и дека најпрво обичајните правила, а подоцна правните правила ја одредувале санкцијата. Кандидатката посебно се задржува на опширно истражување на овој институт во рамките на римското право и доаѓа до заклучокот дека во него не може да се зборува за граѓанско-правна одговорност во денешна смисла на зборот. Изучувањето на римското право ја води кандидатката кон повеќе заклучоци кои се од значење за проучување на корените на одредени сегменти од содржината на Институтот Граѓанско-правна одговорност.

Во третата глава преку анализа на граѓанските законици кои се донесуваат во европските држави, почнувајќи од Францускиот граѓански законик како прва модерна кодификација на приватното право, како и закониците кои следат: австрискиот, германскиот, италијанскиот, швајцарскиот, холандскиот и руският граѓански законик, а за споредба наспроти нив го разгледува и англоамериканскиот правен систем.

Во четвртата глава кандидатката го префрла тежиштето на истражувањето на меѓународно ниво, при што предмет на нејзината анализа се неколку меѓународни инструменти. Следејќи го хронолошкиот тек на меѓународните извори на граѓанско- правна одговорност, кандидатката најпрво ги анализира одредбите на Виенската конвенција за меѓународна продажба на стоки од 1980 год. за кои забележува дека е карактеристично тоа што постоењето на штета не само што претставува услов за настанување на договорна одговорност, туку е предвидено и како услов за квалификување на една повреда на договор како суштествена.

На крајот, во петтата глава, предмет на анализа на кандидатката е граѓанско-правната одговорност во домашното законодавство, кое најпрво е разгледувано преку неговите корени во правото на поранешните југословенски држави за да на крајот се даде една исцрпна анализа на позитивно – правните норми.

Во ЗАВРШНИТЕ СОГЛЕДУВАЊА, кандидатката ги проследува најзначајните моменти од историскиот развој на Институтот Граѓанско-правна одговорност, утврдувајќи ги неговите карактеристики, а истовремено и општествените услови во кој тие се појавиле. На тој начин, кандидатката успева да создаде една целосна претстава за овој институт и можност тој да се согледа како во историски контекст, така и како институт на денешницата, сè уште актуелен и динамичен, подложен на промени и модификации во неговата содржина, односно институт кој сè уште го нема добиено својот конечен изглед. Сумирајќи ја исцрпната анализа на правни норми, кандидатката иако ја потврдува фактичката одделеност што правните системи и меѓународните инструменти ја манифестираат кога станува збор за уредување на договорната и вондоговорната одговорност, сепак смета дека воедно анализата не покажува ниту една сериозна причина која би била од суштинско значење за да се смета дека не можеме да зборуваме за единствен институт.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од гореизнесеното и добиениот впечаток од разгледувањето на поднесената документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатката, Комисијата смета дека м-р Марија Радевска, помлад асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип се развива во солиден и перспективен научен работник, претставник на помладата генерација научни кадри на Правниот факултет. Таа ги задоволува сите стручни и наставно-научни услови, согласно со позитивните законски прописи, за да биде избрана во соработничко звање асистент за научната област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" -Штип да **ја избере м-р Марија Радевска, досегашен помлад асистент, во асистент за научната област Граѓанско право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Гале Галев, редовен професор, с.р.**
**Д-р Љупчо Сотироски, доцент, с.р.**
**Д-р Војо Беловски, доцент, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на м-р Марија Радевска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **а) Наставно образовна дејност** | | | |
| Интерна скрипта од вежби за Римско право | 1 | 2 | 2 |
| Интерна скрипта од предавања Римско право (коавторство со проф. д-р Методи Хаџи Јанев | 1 | 4 | 4 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 53 | 0,2 | 10,6 |
| **б) Научноистражувачка (НИ) дејност:** | | | |
| Одбранета магистерска теза | 1 | 4 | 4 |
| Учесник на научен проект | 1 | 2 | 2 |
| **в) Стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) дејност** | | | |
| Труд во стручно научно популарно списание: Облигациони односи настанати со причинување на штета во македонското право Концептот на нематеријална штета - правна регулатива и тенденции | 2 | 2 | 4 |
| Учесник во научен проект | 1 | 5 | 5 |
| Член на наставно-научен совет на Правен факултет | 1 | 2 | 2 |
| Член на комисија на студентски натпревар | 2 | 1 | 1 |
| **ВКУПНО** | | | 34,6 |